# Извори на загадување на воздухот во Општина Куманово




**ЛОКАЦИЈА**
Избор на соодветна локација за мерната станица

**ПРИМЕРОЦИ**
Земање на примероци во период од една година

**АНАЛИЗА**
Гравиметриска и хемиска анализа на земените примероци

**ПОДАТОЦИ**
Обработка на податоците и одредување на изворите на загадување на воздухот

Сите примероци се направени од лабораторија Амбикон при Универзитетот „Гоце Делчев " Штип вопериодот од **март 2023** до **април 2024** година.

**Минималната** измерена дневна концентрација на суспендирани честички **PM2.5** изнесува **7,4 μg/m³**, додека **максималната** високи **215 μg/m³**.

Во **пролетните и летните** месеци просекот изнесува **26,7 μg/m³**. Сепак, просечната концентрација дури и за топлите месеци ја **надминува** годишната гранична вредност за **околу 6 %**.

Во текот на **грејната сезона**, концентрациите се значително повисоки во однос на топлите месеци. Просечната вредност за месеците од грејната сезона **изнесува 51,7 μg/m³** и е повеќе од **60 % повисока од просекот** во топлите месеци.

## ВРЕМЕНСКА РАСПРЕДЕЛБА НА ИЗВОРИТЕ НА ЗАГАДУВАЊЕ НА ВОЗДУХОТ



















## УЧЕСТВО НА ИЗВОРИ НА ЗАГАДУВАЊЕ ПО МЕСЕЦИ




Во текот на **зимските месеци** (ноември - април) **согорувањето на биомаса** е главен извор, со просечен месечен придонес кој **достигнува до 37μg/m3**.
Во декември и јануари само овој извор придонесува да се надминат годишните гранични вредности.



**Сообраќајот** е вториот најважен извор, со постојан придонес во текот на годината и значајно зголемување во летниот период.



**Согорување на мазут и нафта** е забележливо **во текот на целата година**, но **доминира** во периодот од **декември до април**.



**Горењето на оган на отворено** е забележливо во текот на целата година, со најголем придонес во пролетните и раните летни месеци (мај и јуни) и во доцна есен и зима.

## МАСЕНА КОНЦЕНТРАЦИЈА НА СУСПЕНДИРАНИ ЦВРСТИ ЧЕСТИЧКИ PM 2.5




Ова истражување е подготвено од Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип (Амбикон Лаб) во рамки на проектот „Справување со загадувањето на воздухот" кој го имплементира Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) во партнерство со Министерството за животна средина и просторно планирање и општините Кавадарци, Куманово, Гостивар, Струга и Струмица.
Овој проект е дел од Програмската рамка на УНДП, финансирана од Шведска. Во рамки на програмата исто така се спроведува и проектот „Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти".
Ставовите изразени во овој документ се на авторите и не секогаш ги одразуваат гледиштата на УНДП, Шведска како донатор и на другите партнери во проектот.

AMBICON.UGD

Sweden Sverige

U N D P